ЛИКОВЕН ЕСЕЈ

# За емоциите на уметноста

***И за Тања Таневска, сликарка од Скопје. Дипломира во 1996 на ФЛУ, отсек - педагошко сликарство.***



Почеток во жолто:
Го пишувам текстов во состојба на свежи импресии. Во еден импулс, онака како што и уметничката, заринкана во разни состојби, ја истура и ја цеди, до последна капка, емоцијата што ѝ ја деформира душичката. Телото ѝ е под неиздржлив набој од хемија; настапува експлозија на ниво на апстракција и сѐ се претвора во една серија од слики во комбинирана техника. Целта е прочистување и од последната емотивна прашинка. Материјализирање на неподносливата тежина и издигнување во вертикала, бидејќи тој правец на манифестирање е посугестивен.



Текст за експресијата - која го означува огнот или јадрото во индивидуата. За колоритот, кој претставува комуникација меѓу пигменти под дејство на активирана бомба. За фактот дека еден камен може идеја да стане и да го оживеат во бои што ја соголуваат интимата на нештата; во текстура и ефекти што нудат сензации на задоволство. На релација на динамика, живот и возбуда, постигната е екстаза над агонија.

Во расположение на креативност, завршен е еден циклус на времето. (Изложба во ДЛУМ, јуни, 1996).



Но, жената знае да го скроти својот бес и послушно да се смири, во име на разумот; користејќи ја знаковноста на јапонската калиграфија. Која станува цртеж, односно ново истражување и осмислена трансформација. И наместо резиме, го поздравувам ехото на животинското во уметноста, и покрај неговиот страв од демодираност.



Иванка АПОСТОЛОВА

1292, 16. 2. '00